| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Дарови на природата |
| **Содржина на денот** | Мали математичари |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –како правилно да одржуваме лична хигиена додека сме надвор од домот. |
| **Активности** | Како предлог за оваа активност може да одберете разновидни математички игри за утврдување на предходно стекнатите сознаија на тема множества, логички плочки (форми,боја и големина),нивно групирање според дадено својство, припадност. За оваа игра може да користите материјали кои ги имате во домот или може сами да ги изработите. Потребни ви се картони или хартија во боја од која ќе изработите форми на круг, квадрат, триаголник и правоаголник и разни врвки или волница за да формирате множество. Објаснете и дадете му насоки на детето според кои треба да состави множество според форми, множество според боја, множество според големина, множество според припадност. Поттикнете го детето логички да размислува, да се изразува, да ги забележува карактеристиките на предметите. Доколку некоја од зададените задачи не ја извршува точно посочете му и заеднички пронајдете ја грешката и повторете ја задачата.<br>Во собата на детето можете да направите математички центар каде детето секојдневно ќе може да усвојува нови математички концепти и истовремено ќе учи преку игра. |